Gmail

Evgenija Cukaleva <evgenija.cukaleva.ob@gmail.com>

# Барање за пристап до информации од јавен карактер Општина Битола 03.08.2023

1 message

**Mirko N**[redacted] Thu, Aug 3, 2023 at 6:02 PM

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04-08-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | -961/1 | | |

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно чл. 4 и чл. 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РСМ, 101 од 22.05.2019 год.), барам **Општина Битола** да ми достави на мојата e-mail адреса mirkkn@gmail.com електронски запис од следниве информации од јавен карактер:

1. Дали Општина Битола располага со идеен и основен проект за изградба на претоварна станица во Општина Битола во рамки на регионалниот систем за управување со отпадот во Југозападниот и Пелагониски регион? Доколку иститите се изработени и усвоени барам електронски запис да ми биде доставен на увид;
2. Дали Општината Битола добила барање за издавање на одобрение на градење на претоварна станица? Доколку е доставено такво барање барам да ми биде доставено како електронски запис, а доколку е издадено одобрение за градење на претоварна станица барам да ми биде доставено одобрението во електронски запис на увид;

Ве замолувам натамошната комуникација да се одвива во електронска форма преку мојата e-mail адреса.

Со почит,

[redacted]a

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Венцо Шишкин
Раководител Одделение за економски развој

Бр.11-96/2
04.08.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-83/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Примил:
07.08.2023

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Љубица Мигуловска
Раководител на Одделение за спроведување
на урбанистички планови

Бр.11-96/3
04.08.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-96/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил: 04.08.23

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел. 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 07-08-2023
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 - 96/4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

Бр. 40 – 107/1
07.08.2023

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од јавен каракатер

ПРЕДМЕТ: Писмена информација

Почитувани, .

Во врска со барањето бр. 11-83/1 за пристап до информации од јавен карактер Ви доставуваме одговор и тоа:
Врз основа на разговорот со единицата за управување со проектот за "Управување на регионалниот систем за отпад", Ве информираме дека поради близината на регионалната депонија, нема потреба од изградба на претоварна станица, па поради тоа не е пристапено кон изработка на соодветна документација.

Со почит,

Изготвил: Олгица Грујоска, диа

Одд. за Економски Развој
Раководител
Венцо Шишкин, дги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 10-08-2023
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11-96/5 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Одделение за спроведување на урбанистички планови**

Бр.30,сл од 10.08.2023г.

**До Сектор за правно-нормативни, административни и општи работи**
**Одд. за административни и општи работи**
**Г-ѓа Евгенија Чукалева**

ПРЕДМЕТ: **барање за пристап до информации бр.11-96/3 од 04.08.2023г.**

Ве информираме дека во претходниот период Општина Битола, односно Одд. за спроведување на урбанистички планови нема добиено барање ( со идеен или основен проект) и нема издадено Одобрение/Решение/Потврда за изведба на Претоварна станица во Општина Битола.

Со почит,

ВД Раководител на Одд:

Љубица Мигуловска, диа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-96/6
10.08.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **04.08.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted], по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Дали Општина Битола располага со идеен и основен проект за изградба на претоварна станица во рамки на регионалниот систем за управување со отпадот во Југозападниот и Пелагонискиот регион и дали Општина Битола добила барање за издавање на одобрение на градење на претоварна станица? ( детален опис на барањето во прилог на Решението).**

## СЕ УВАЖУВА

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-96/1
2. Допис до Раководител на Одделение за економски развој со бр. 11-96/2 од 04.08.2023 година.
3. Допис до Раководител на Одделение за спроведување на урбанистички планој со бр. 11-96/3 од 04.08.2023 година.
4. Одговор од Одделение за економски развор со бр. 11-96/4 од 07.08.2023 година
5. Одговор од Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11-96/5 од 10.08.2023 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 10.08.2023 година, под бр. 11-96/6.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

_______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА